# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

## ОБРАЗОВАНИЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Наташа Станојковска-Трајковска

Скопје, 2020

Проектот е финансиран од Европската Унија.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................................................................3
МЕТОДОЛОШКА РАМКА ..............................................................................5
1. Цели на истражувањето .......................................................................5
2. Предмет на истражувањето ..................................................................5
3. Методологија ........................................................................................5
АНАЛИЗА НА ПРАВНА РАМКА .....................................................................6
ОПШТИ ПРЕПОРАКИ КОИ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ КОН КРЕИРАЊЕ НА ПОДОБРА ИНКЛУЗИВНА КЛИМА И КУЛТУРА ...............................................................20
РЕФЕРЕНЦИ .........................................................................................22

Проектот е финансиран од Европската Унија.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Оваа публикација е изработена во рамки на работната програма „Основите прво – Активен придонес во владеење на правото“, финансирана од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# ВОВЕД

Република Северна Македонија како членка на Организацијата на Обединетите Нации и држава која ја има ратификувано Конвенцијата за правата на лицата со попреченост[1] во декември 2011 се обврза дека ќе ја прилагоди својата национална рамка за креирање инклузивен образовен систем и инклузивно општество за сите. Во фокусот на промените беа ставени децата со посебни образовни потреби, особено децата со попреченост.

Во Законот за ратификација на конвенцијата за правата на лица со инвалидност и факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лица со инвалидност во член 1 е наведено „Се ратификува Конвенцијата за правата на лица со инвалидност, усвоена од Генералното собрание на Организацијата на Обединетите Нации, во Њујорк на 13 декември 2006 година, потпишана од Република Македонија на 30 март 2007 година и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лица со инвалидност усвоен од Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации на 13 декември 2006 година, потпишан од страна на Република Македонија на 29 јули 2009 година“.[2]

За усогласување на националната рамка и воспоставување на механизми за почитување на недискриминација со одлука на Владата на седница одржана на 17 април 2018 година (Сл. весник бр. 69/2018 од 19.04.2018) формирано е Национално координативно тело за спроведување на Конвенцијата на правата на лицата со попреченост. Националното координативно тело е составено од вкупно 14 членови, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министерства и организации на лица со попреченост. Формирањето на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата претставува обврска на државата согласно член 33 од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост. Како национален механизам за имплементација на Конвенцијата, врши координација на министерствата и институциите под нивна надлежност за активностите кои треба да ги преземат и да ги почитуваат начелата и принципите од Конвенцијата на ООН. Исто така, Националното координативно тело соработува со лицата со попреченост и со нивните репрезентативни организации. Задача на Национално координативно тело е да предлага и доставува мислења за законски и подзаконски акти во согласност со начелата на Конвенцијата на ООН. Со својот делокруг на делување, телото директно придонесува за унапредување на човековите права на лицата со попреченост.

Комитетот за правата на лицата со попреченост на ООН во Извештајот на Република Северна Македонија во октомври 2018 година[3] на Националното координативно тело за инплементација на Конвенцијата на правата на лицата со попреченост го поздрави формирањето на ова тело, како и усогласувањето на националните механизми со член 33 од Конвенцијата, но од друга страна, даде

---

[1] Во овој извештај може да се сретнат неколку термини кои определуваат една иста група. Лица со попреченост е термин кој е најдобро прифатен како термин кој е најширок, како и најмалку етикетирачки, од најголема група лица со попреченост, а со тоа е превземен во националните закони и подзаконски акти од понов датум. Низ текстот можат да се сретнат и други термини во случај на директно цитирање на документи во кои се наведени други термини.

[2] Закон за ратификација на конвенцијата за правата на лица со инвалидност и факултативниот протокол кон конвенцијата за правата на лица со инвалидност (Службен весник на РМ, бр. 172 од 14.12.2011 година) Достапен на Microsoft Wo rd - 09E36E46C9F4684993F7C7DF193A0734.doc (vlada.mk)

[3] Заклучни согледуваоа на иницијалнипт извештај на Република Македпнија на Комитет за правата на лицата сп попреченост 29 октомври 2018. Достапно на preporaki_2018_komitet_za_pravata_na_licata_so_poprecenost.pdf (vlada.mk)

низа забелешки на загриженост и препораки. Комитетот и препорача на Република Северна Македонија како држава-членка: Ревизија и усогласување на нејзината легислатива и политики со Конвенцијата; Отстранување навредливи термини кои се однесуваат на попреченоста и обезбедување почит кон достоинството на сите лица со попреченост; Обезбедување метод за проценка на попреченост кој во целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права и го користи пристапот на човекови права. Во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, како и со Целите за одржлив развој Комитетот во делот за образование (член 24 од Извештајот) препорача:

а) Да го ревидира Законот за заштита на децата и Законот за основно образование - јасно да промовираат инклузивно образование и вклучување на попреченоста како основ за дискриминација, да се забрани одбивање на разумно прилагодување, како форма на дискриминација по основ на попреченост;

б) Да донесе план за транзиција за да се обезбеди инклузивно образование на сите нивоа, вклучително и во високообразовните институции за лицата сп попреченост;

в) Да обезбеди соодветна поддшрка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата, посебно на учениците со интелектуална попреченост или учениците со психосоцијална попреченост и девојчиња со попреченост;

г) Да обезбеди универзална пристапност до образовните простории, вклучувајќи ги и универзитетите;

д) Експлицитно и веднаш да спроведе забрана за исклучување на учениците со попреченост од редовните училишта врз основа на нивните оштетувања.

Оваа анализа ги зема за основа овие препораки и прави процена на спроведување на препораките, усогласувањето на националната легислатива согласно препораките, како и утврдување на недостатоците и пречките за реализација на активностите согласно предвидената временска рамка за реализација на истите.

Во нашата земја за инклузивно образование се зборува последните дваесетина години. Во тој период двигатели за промоција на инклузивно образование кое ќе биде образование еднакво за сите деца, беше поттикнувано од Институтот за специјална едукација и рехабилитација (до минатата година Институт за дефектологија) при Филозофскиот факултет во Скопје, како и од невладини организации во државата. Процесот на инклузија во Република Северна Македонија започнува со проектна активност во 1998 година водена од Бирото за развој на образование, претставници на канцелариите на УНЕСКО и УНИЦЕФ, консултант од Институт за специјална едукација и рехабилитација, претставници на родители, претставници на Министерство за образование и наука и директори на неколку основни училишта.

И покрај желбата за креирање инклузивна култура, политика и практика, на терен не беа добиени посакуваните резултати. Препораките кои се во согласност со Концепцијата предизвикаа поголем интерес и креирање на национална законска рамка која гарантира образование прилагодено за секое дете.

Бројни истражувања сè уште ги даваат истите резултати во однос на ставот на наставниците и техничкиот персонал во училиштата, родителите на децата врсници и децата со типичен развој кон децата со попреченост. Инклузивната култура и практика сè уште не е на посакуваното ниво, а во прилог на неподготвеноста за реализација на еднакви услови за сите деца се и неможноста за обезбедување на еднаков пристап до институциите и информациите.

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

## 1. Цели на истражувањето

Истражувањето има за цел да направи анализа на актуелната состојба во областа на образованието насочена кон децата со попреченост. Основна цел е да се утврди националната рамка во областа на образованието насочена кон оваа категорија деца. Истражувањето ќе има за цел да направи процена на прилагодувањето на легислативата согласно препораките од Комитетот за човекови права на Обединетите Нации, темпото на усогласувањето и изготвување на подзаконски акти, пречките и недостатоците на кои се наидува на терен при имплементација на Законот за основно образование, како и предизвиците пред кои сме соочени како држава. Во исто време, во прилог на сеопфатно инклузивно образование, вметнати се делови за рана интервенција и инклузија, како и инклузивно високо образование.

## 2. Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето ќе биде анализа на националната легислатива од областа на образованието, со посебен фокус на деловите кои се однесуваат на децата со попреченост.

## 3. Методологија

За спроведување на истражувањето на правната рамка од областа на образованието користен е квалитативен метод на истражување. Применета е десктоп анализа на националната легислатива и анализа на содржина, односно релевантни документи кои даваат оцена на инплементација на истите.

Во рамки на истражувањето е направена анализа на:

- Стратегија за образованието 2018-2025
- Закон за основно образование
- Концепција за инклузивно образование
- Закон за спречување и заштита од дискриминација
- Закон за ратификација на Конвенција за правата на лицата со попреченост
- Заклучни согледувања на иницијалниот извештај на Република Северна Македонија од Комитетот за правата на лицата со попреченост

# АНАЛИЗА НА ПРАВНА РАМКА

Република Северна Македонија имаше дуален систем на образование, кој нудеше можност изборот да го направат родителите, како и препораките од комисијата за оцена на специфичните потреби на лица со пречки во физичкиот, односно психичкиот развој врз основа на проценaта детето да го упатат во посебно училиште, односно посебни паралелки во редовно училиште.

Согласно член 6 од Законот за основното образование од 2008 година,[4] за учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните и посебните основни училишта. Овие ученици имаат право и на индивидуална помош за стекнување на основното образование и воспитание. Родителот има право детето со посебни образовни потреби да го запише во редовно основно училиште, освен во случаите кога посебните образовни потреби на детето се такви што тоа треба да следи настава во посебно основно училиште. Во посебни основни училишта и посебни паралелки при редовните училишта се едуцираат ученици со пречки во психичкиот развој како и ученици со аутизам. За учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните и посебните основни училишта и имаат право и на индивидуална помош за стекнување на основното образование и воспитание.

За успешна транзиција на сите нивоа на образование неопходна е добро организирана рана интервенција. Семејно ориентирана рана интервенција, значи добра подготовка за вклучување на децата со попреченост во воспитно-образовниот систем.

Во моментов има голема бројка на деца со попреченост вои не се вклучени во раната интервенција. Најмногу од нив живеат во рурални средини и потекнуваат од маргинализирани, социјално исклучени групи.

Семејно ориентиранаta рана интервенција ќе подразбира вклучување на децата од целата територија на Република Северна Македонија. Во прогресивниот пристап на семејно ориентирана пракса практичарите ги сметаат родителите како еднакви партнери и неопходни соработници со цел да добијат поддршка и да го подобрат развојот на детето. Интервенцијата е секогаш индивидуализирана, флексибилна и одговара на потребите на детето и семејството. Овие услуги вообичаено ги дава ран интервенционист или некој друг провајдер на услуги и се изведуваат во домот или средината за детска нега ако детето добива нега надвор од домот. Раната интервенција дава поддршка и ресурси со цел да им помогне на членовите на семејство и негувателите да го подобрат учењето и развојот на детето преку секојдневните можности за учење. За обезбедување на услугите се креира Индивидуален семеен план за услуги (ИСПУ). После третата година овој ИСПУ може да премине во ИОП (Индивидуален Образовен План). Услуги за новороденчиња и мали деца со попреченост и нивните семејства може да се испокачаат на неколку начини.

Во трансдисциплинарните тимови постои обемна соработка која бара од членовите на тимот да ги разберат индивидуалните улоги во тимот, да имаат познавање од различни дисциплини како и подготвеност да даваат услуги за рана интервенција.

Интензивната соработка на членовите на тимот во трансдисциплинарниот модел води кон препуштање на улоги што е клучна компонента во овој модел. Препуштањето на улоги се случува кога членовите на тимот препуштаат некои од нивните директни и специфични за дисциплината услуги, на еден провајдер за рана интервенција. Препуштањето на улогите е компилација на

[4] Закон за основното образование („Службен весник на РМ“, број 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16).

проширување на улогите, обогатување, зголемување, размена и поддршка. Дел од тимот за рана интервенција може да бидат специјални едукатори и рехабилитатори, окупациони терапевти, физиотерапевти, логопеди и социјални работници.

Важна задача пред нас како држава е добра организација на системот за рана интервенција. Треба да прифатиме најдобар модел кој ќе биде прилагоден на националниот контекст, користење на компетенциите на секој од нив и охрабрувањето за поголема меѓусебна соработка. Значаен дел во сеопфатното инклузивно образование е транзицијата и добра координација помеѓу предучилишните установи, основно и средно образование. Патот на секое дете со попреченост треба да го следи и патување на негово портфолио со кое во секое следно скалило прецизно ќе се знае која е појдовната точка. Треба да има проток на информации и подготовка на средината пред вклучување на секое дете со попреченост на било кое ниво од воспитно-образовниот систем. Сите средношколци со попреченост кои имаат капацитет за академски постигнувања треба да бидат информирани со можностите кои ги нудат високо образовните институции и да бидат мотивирани најдобро да ги реалиозираат своите функционални можности. Секој универзитет треба да вложи напор за креирање инклузивна култура и пристап до институции и информации. УКИМ, како Универзитет со најголем број млади со попреченост својот Студентски сервис за студенти со попреченост го планира за реализација на овие цели. Во моментов мал број средношколци со попреченост се одлиучуваат за полагање на државна матура, а со тоа немаат можност за вертикална проодност. Мотивирањето за повисоки постигнувања треба да биде цел во следниот период. Земајќи го во вид националниот контекст и можноста за користење на искуството и експертизата на академскиот кадар кој работи на полето на специјална едукација и рехабилиотација, треба во континуитет да се применува метод на подучување. Шареноликоста на функционалните можности на децата со попреченост, како и присуството на деца со попреченост во различен број во секое одделение и училиште, како и индивидуалноста во развојот на секој ученик, бара постојано стручно методско-дидактичко насочување во работата на наставниците. Мораториумот за функционирање на посебните училишта, како и посебните паралелки при редовните училишта, како и неподготвеноста на терен на сите нивоа за прием на сите деца со попреченост не гарантира најповолни услови за стекнување на академски занаења, раст и развој на секое дете. Политичка желба, како и експертската поддршка се во насока на инклузивно образование и инклузивно општество, но треба да се преиспитаат потенцијалите на нашиот образовен систем, компетенциите кои ги поседуваат наставниците, буџетската рамка за овозможување на условите за поддршка на инклузивното образование. Во таа насока, треба да се разгледа динамиката со која ќе се трансформираат институциите.

Инклузијата во образованието во Република Северна Македонија е регулирана со Законот за основно образование[5], донесен во август 2019 година, каде една од целите е обезбедување целосен опфат во воспитно-образовниот процес и задоволување на разновидните потреби на сите ученици, преку обезбедување суштинско учество на сите ученици во него. Законот се темели на начелата за најдобар интерес и целосен развој на ученикот и еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност во образованието.

За прв пат во нашата земја имаме Закон за основно образование во кој се нагласува дека основното образование е институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој поддржува инклузија на сите деца во редовното основно образование. Законот за основно образование, Концепцијата за инклузивно образование и ред други национални документи се изработени во согласност со Концепцијата за правата на лицата со попреченост и препораките

[5] Закон за основно образование ((„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) Достапен на: Zakon za osnovnoto obrazovanie - nov.pdf (mon.gov.mk)

добиени од Комитетот за правата на лицата со попреченост. Легислативата ја надминува дискриминирачката терминологија и сегрегирачките услови за образование на децата со попреченост, но неподготвеноста на државата за прифаќање на децата и младите со попреченост бара допрецизирање или одложување на одредени законски решенија.

Во функција на обезбедување на сите предуслови за непречен прием на децата со попреченост во образовните институции член 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација[6] помеѓу другото вели: 3. Лице со попреченост е лице кое има долготрајна физичка, интелектуална, ментална или сензорна оневозможеност, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите; 4. Соодветно приспособување е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможување на соодветно приспособување е дискриминација; 5. Пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите подразбира преземање на соодветни мерки што осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области. Оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите е дискриминација.

Земајќи ги во вид одредбите од овој Закон може да заклучиме дека децата со попреченост и покрај тоа што имаме Закон за основно образование кој е максимално прилагоден на оваа категорија деца, се уште остава простор за дискриминација.

Инклузивно образование е прецизирано во Закон за основно образование во член 11[7] (1) Основното образование е институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој поддржува инклузија на сите деца во редовното основно образование. (2) Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование (3) Инклузивното образование од ставот (2) на овој член, вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, за учениците со попреченост, со заедничка визија и убедување дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца. (4) Инклузијата на сите деца во редовното основно образование се дефинира со Концепција за инклузивно образование, која ја донесува министерот на предлог на Бирото и истата се објавува на интернет страниците на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) и Бирото. (5) Инфраструктурата, индивудуализираната поддршка, наставниот план и програма во основното образование, се разумно прилагодени според индивидуалните потреби на ученикот. (6) Разумно прилагодување од ставот (5) на овој член, претставува изменување и приспособување на условите за воспитание и образование во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето, а е со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на учениците со попреченост на еднаква основа со другите. (7) Пристапност до инфраструктурата и услугите подразбира преземање мерки кои осигуруваат дека учениците со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи во основното училиште.

---

[6] Закон за заштита и спречување на дискриминација (Службен весник на РСМ, бр. 101 од 22.5.2019 година) Достапен на 27,5-Zakon za zastita od diskriminacija.pdf (mtsp.gov.mk)
[7] Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)

За ученици со посебни образовни потреби (според член 35) се сметаат: - ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите, - ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и - ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини.

Инклузивни тимови како предуслов за инклузивната клима и практика се прецизирани во член 16 од истиот Закон (1) Во основното училиште директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма од членот 30 од овој закон. (2) Училишниот инклузивен тим е со мандат од три учебни години и е составен од седум члена и тоа: педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, двајца наставници од редот на вработените на училиштето (еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава), двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето. Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа. (3) Инклузивниот тим за ученикот е за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот односно старателот, педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, специјалниот едукатор и рехабилитатор. Инклузивниот тим за ученикот во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови. (4) Во работата на инклузивниот тим за ученикот, по потреба, може да се повикаат да учествуваат и ученикот, други наставници и стручни соработници или кое било друго лице од доверба на ученикот. (5) Доколку училиштето нема вработено стручен соработник од одреден профил, за членови на инклузивниот тим од ставовите (2) и (3) на овој член, се определуваат лица од центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост и/или училиштата со ресурсен центар. (6) Инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП и модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби, во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето и ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци (во натамошниот текст: стручни тела за проценка) во рамки на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединети Нации за правата на лицата со попреченост, при Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата). При изработката на ИОП и модифицирана наставна програма, инклузивниот тим за ученикот соработува со останатите наставници и стручни соработници вклучени во образовниот процес на ученикот.

Со Законот за основно образование посебните училишта, односно посебните паралелки при редовните училишта се трансформираат во основно училиште со ресурсен центар и центри за поддршка во учењето, на учениците со попреченост.

Во член 17 (1) е прецизирано дека училиштето со ресурсен центар ги користи своите материјални и човечки ресурси и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите односно старателите и инклузивниот тим на други основни училишта. (2) Наставниот кадар од основното училиште со ресурсен центар од ставот (1) на овој член, учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со

комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во основното училиште со ресурсен центар, а согласно со препораката на стручното тело за проценка, базиран на Меѓународната класификација на функционирањето (во натамошниот текст: МКФ), донесена од Светската здравствена организација.

Функционирањето на центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост е прецизирано во член 18 (1) Директорот, во основното училиште каде што има посебни паралелки, формира центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост (во натамошниот текст: центарот за поддршка). (2) Центарот за поддршка ги користи материјалните и човечките ресурси во училиштето и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите, односно старателите и инклузивниот тим во другите основни училишта на подрачјето на општината. (3) Наставниот кадар од центарот за поддршка учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во центарот за поддршка, а согласно со препораката на стручното тело за проценка, базирана на МКФ.

Видови поддршка за ученици со попреченост се дадени во член 19 (1) За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште обезбедува: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма. (2) Јавниот повик за селекција и избор на образовен/личен асистент, селекцијата и изборот на образовен/личен асистент, како и обуката на образовен/личен асистент, ги спроведува училиште со ресурсен центар. (3) Јавниот повик од ставот (2) на овој член, по претходно добиена писмена согласност од Министерството се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. (4) Начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, како и програмата за обука на образовен/личен асистент ги утврдува министерот, на предлог на Бирото. (5) Селекцијата и изборот на образовен/личен асистент ја врши петчлена комисија од редот на вработените во училиштето со ресурсен центар, која ја формира директорот на училиштето. (6) Нормативот за образовниот асистент и личниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи ги утврдува министерот, на предлог на Бирото. (7) Образовните и личните асистенти се вработуваат на определено време од страна на училиштата со ресурсен центар. Средствата за образовните асистенти и личните асистенти се обезбедуваат од Буџетот на Министерството. (8) Доколку на ниво на општина нема основно училиште со ресурсен центар или со центар за поддршка, поддршка на учењето на учениците со попреченост се обезбедува од најблиското основно училиште со ресурсен центар или од училиште со центар за поддршка од најблиската општина.

Во поддршка на воспитно-образовниот процес Министерството во член 36 (1) обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. (2) Дополнителната поддршка од ставот (1) на овој член, ги реализира тутор-волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот. (3) Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер утврдени во програмата од ставот (2) на овој член.

Во однос на бројот на ученици со попреченост во член 53 став 13 стои дека бројот на учениците со попреченост во паралелка го утврдува училишниот инклузивен тим од членот 16 став (1) од овој закон, водејќи грижа за рамномерна распределба по паралелки, во зависност од видот на попреченоста и видот и обемот на потребните прилагодувања.

Оценување на учениците со попреченост е наведено во член 139 каде стои (1) Во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. (2) Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. (3) Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. (4) Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент. (5) Начинот на оценување на учениците со попреченост го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

Финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија Член 157 (1) Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. (2) Средствата од ставот (1) на овој член, се распределуваат на општините по пат на блок дотации и наменски дотации согласно Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. (3) Општината средствата од ставот (2) на овој член, ги распределува на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи. (4) Средствата кои општините ги добиваат во блок дотациите и наменските дотации за учениците со попреченост, се распределуваат во училиштата согласно бројот на ученици со попреченост во конкретното училиште и училиштето ги троши наменски за потребите на овие ученици. (5) Со уредбите од ставот (2) на овој член, се уредува распределбата на средствата од блок дотацијата и од наменската дотација која се врши врз основа на формула и согласно фазите за фискалната децентрализација утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. (6) Формулата од ставот (5) на овој член, за распределба на средствата се изведува основно од бројот на учениците во основните училишта на своето подрачје. Врз изведувањето на формулата можат да имаат влијание и други дополнителни показатели.

Во делот на рокови за усогласување на актите на училиштата во член 178 стои Постојните државни основни училишта Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" - Битола, Посебното основно училиште „Иднина" - Скопје, Посебното училиште за основно образование на децата попречени во психичкиот развиток „Д-р Златан Сремец" - Скопје, Посебното основно училиште за ученици со посебни воспитно- образовни потреби „Св. Климент Охридски" - Ново Село и Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓорѓиева Овчарова" - Велес ќе запишуваат ученици до учебната 2022/2023 година.

Член 179 (1) Постојните државни основни училишта Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" - Битола, Посебното основно училиште „Иднина" - Скопје, Посебното

училиште за основно образование на децата попречени во психичкиот развиток „Д-р Златан Сремец" - Скопје, Посебното основно училиште за ученици со посебни воспитно- образовни потреби „Св. Климент Охридски" - Ново Село и Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓорѓиева Овчарова" - Велес, продолжуваат со работа какоосновни училишта со ресурсни центри од учебната 2020/2021 година, согласно со одредбите од овој закон. (2) До започнување со работа на основните училишта со ресурсен центар, работите од нивна надлежност, со денот на влегувањето во сила на овој закон, ги вршат основните училишта од ставот (1) на овој член. (3) Постојните посебни паралелки при основните училишта, продолжуваат со работа како центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост од учебната 2020/2021 година согласно со одредбите од овој закон. (4) Вработените на неопределено работно време во училиштата од ставот (1) на овој член, продолжуваат со работа во основните училишта со ресурсен центар, а вработените на неопределено работно време во постојните посебни паралелки при основните училишта, продолжуваат со работа во центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост. (5) До започнување со работа на центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост, работите од нивна надлежност, со денот на влегувањето во сила на овој закон, ги вршат основните училишта со посебни паралелки од ставот (3) на овој член.

Во член 178 и член 179 од Закон за основно образование е изоставено Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" од Скопје. Процесот на трансформацијата согласно одредбите од Законот за основно образование неопходно е да се направи со подетална и посеопфатна анализа со вклучување на самото училиште, Сојузот на слепи, Сојузот на глуви, родителите на децата со попреченост и Институт за специјална едукација и рехабилитација.

Посебните училишта треба да ја задржат својата воспитно-образовна дејност, односно да продолжи да се применува комбиниран модел на инклузивно образование. со почитување на правото на родителите на избор за упис на своето дете во редовни училишта, во посебни паралелки при редовните училишта или во посебни основни училишта (по примерот на земјите од Европската Унија), се до подготвување на неопходните услови децата да бидат примени во редовните училишта.

Во член 26 од Универзалната декларација на човековите права вели: „Родителите имаат првенственото право да го изберат видот на образованието што ќе биде дадено на нивните деца". Не е во прашање воопшто дали е посоодветен редовниот образовен систем, но треба да се остави простор се дури не се овозможат сите услови предвидени со член 11 од Законот за основно образование: Став 5 Инфраструктурата, индивудуализираната поддршка, наставниот план и програма во основното образование, се разумно прилагодени според индивидуалните потреби на ученикот. (6) Разумно прилагодување од ставот (5) на овој член, претставува изменување и приспособување на условите за воспитание и образование во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето, а е со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на учениците со попреченост на еднаква основа со другите. (7) Пристапност до инфраструктурата и услугите подразбира преземање мерки кои осигуруваат дека учениците со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи во основното училиште.

До моментот на овозможување на условите за еднакво образование на сите деца, да се интервенира во член 178 каде стои дека државните основни училишта може да запишуваат ученици

до училишната 2022/23 година.Треба време за да се трансформираат училиштата со ресурски центри и центрите за поддршка, за да се стават во целост во функција на инклузивниот образовен систем.

Законот за основно образование во член 180 предвидува рокови за донесување на подзаконски акти: (1) Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон. (2) До донесување на актите предвидени со овој закон ќе се применуваат постојните акти. (3) Концепцијата за инклузивно образование од членот 11 став (4) од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Имајќи предвид дека инклузивното образование има свои специфичности во системската поставеност, содржините и организацијата на воспитно- образовната дејност, се наметна потребата од развивање посебен документ (Концепција за инклузивно образование) во кој попрецизно ќе бидат утврдени поедини приоритетни области.

Подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за основно образование се изготвени со задоцнување. Член 180 од овој Закон во став 1 прецизира „Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, став 3 вели „Концепцијата за инклузивно образование од членот 11 став (4) од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон".

12-11599/1 од 20.10.2021 година Програма за обезбедување туторство на учениците од основно образование[8] . 15.02.2021 П р а в и л н и к за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент[9]

Документи кои се уште не се изготвени:

- Треба да се изготви Упатството за соработка помеѓу ресурсните центри. Овој документ ќе помогне во координација на активностите на терен за да реонизацијата не попречува да децата ги користат ресурсите на училиште надвор од реонот во кој е вклучено во воспитно-образовниот процес. Ова особено се однесува на учениците со комплексни потреби на кои имаат потреба од модифицирана настава.
- Училиштата во кои има деца со комплексни потреби треба да се ангажирата специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсен центар како надворешен член од инклузивниот тим.
- Бирото за развој на образованието треба да изготви критериуми-стандарди за начин на оценување на ученици со попреченост, кој според Закон на основно образование (член 139, став 5) го пропишува министерот по предлог на Бирото. Став 4 пак од овој член вели „Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент", за што сеуште не се овозможени условите.

[8] Програма за обезбедување туторство на учениците од основно образование. Достапно на МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА (mon.gov.mk)

[9] Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент Достапен на 2021_Pravilnik_Nachin na pobarauvanje asistenti.pdf (mon.gov.mk)

- Бирото треба да изготви Упатство за изработка на ИОП, кое ќе ги унифицира критериумите и структурата на територијата на целата држава.

### Анализа на Концепција за инклузивно образование[10]

За допрецизирање на процесот на инклузивно образование, Концепцијата за инклузивно образование (донесена една година подоцна со Решение на Министерот за образование и наука бр. 18-6577/1 на 6.07.202 година) обезбедува интегрирана рамка за дејствување во насока на развивање на практичните аспекти за образование на учениците со посебни образовни потреби.

Визијата за инклузивно образование има за цел да обезбеди дека на сите деца, независно на возраста, родот, сексуалната ориентација, расното или етничкото потекло, религијата или верувањето, способностите или социо-економското потекло, им се обезбедуваат можности за целисходно и висококвалитетно образование заедно со нивните другари и врсници, во рамки на редовниот образовен систем, од најраното детство и во текот на животот.

### Рано откривање и интервенција

Главна улога во раното откривање на деца со посебни образовни потреби, согласно Концепцијата, покрај нивните родители и здравствените установи, имаат стручните тела за функционална проценка кои работат врз основа на Правилник за функционална проценка и потреба од дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете или младинец. Проценката ја вршат во согласност со Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје-МКФ, усвоена од Светската здравствена организација во 2001 година[11], а се заснова врз интеграција на медицинскиот и социјалниот модел на попреченост и функционирање и во неа со цел да се долови интеграцијата на различните перспективи на функционирањето се користи „биопсихосоцијален“ пристап, а попреченоста се гледа како динамична интеракција меѓу лицето и срединските фактори.

Стручните тела за функционална проценка имаат должност:

- Да вршат функционални проценки на деца кои имаат потреба од дополнителна поддршка во различни средини (на училиште, во семејството, во заедницата).
- Да донесат официјална одлука за типот на поддршка, контекстот за учење, неопходното разумно приспособување и обезбедување на неопходната опрема.
- Да даваат препораки на родителите како најдобро да ги поддржуваат децата.
- Континуирано да го следат учењето и опкружувањето за учење и координацијата на поддршката и комуникацијата меѓу родителите, наставниците и стручните лица.

Законот за основно образование и Концепцијата за инклузивно образование повлекоа потреба од трансформација на посебните паралелки во центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост. Инклузијата не претставува интеграција (преместување и вклучување во редовни услови) и не означува асимилација или акомодација на индивидуата во рамките на социо-економските услови и релации во општеството. Во тој контекст инклузијата ги реконструира редовните услови на живеење на начин на кој се креираат можностите за потполна партиципација, припаѓање и социјална интеракција. Училиштата имаат клучна улога во објаснувањето на политиките за инклузија во секојдневието на образованието. Сите деца треба да се чувствуваат добредојдени и сигурни за еднаков третман во училиштето. Училиштата треба да промовираат атмосфера на почит

---

[10] Концепција за инклузивно образование. Достапно на: Koncepcija za inkluzivno.pdf (mon.gov.mk)
[11] Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ)Достапна на: MK_ICF_Report_MK.pdf (unicef.org)

за сите деца. Тие треба да поттикнат култура која гарантира дека нема да се толерира пристрасноста која го фаворизира или дискриминира некој ученик или група на ученици. Децата не треба да бидат предмет на стереотипи или да бидат навредувани врз основа на тоа кој се или што се тие. Училиштата треба да се развијат политики за промовирање на почитта во училиштето. Овие политики треба да се развива преку соработка со сите клучни чинители, вклучувајќи ги и децата.

Инклузијата бара активности за да се приспособат различните потреби на децата. Можеби ќе биде потребно, на пример, да се осигура дека некои часови да се одржуваат на приземјето за да можат корисниците на инвалидска количка да имаат пристап до истите. Училишта може да спроведат модели на образование кои ќе овозможат пофлексибилно учество во училницата, ќе се одржуваат часови каде што живеат децата или организирање на наставата во различни временски интервали. Почетокот на наставата може да биде различен, со различни групи на деца кои пристигаат во различни временски интервали за да им овозможи на децата да учат во флексибилни групи иако од витално значење е да не се намалува нивното веќе ограничено време за учење.

Училиштата по мерка на децата треба да бидат одговорни за локалната средина. Во рамките на основните стандарди и принципи, одделните училишта треба да бидат способни да се прилагодат на потребите на локалната заедница и да обезбедат релевантна наставна програма која ги зема предвид локалните проблеми и приоритети.

Училиштата треба да промовираат средини во кои децата се ангажирани како активни учесници во сите нивоа: како едукатори и ментори за помалите деца, во основање и водење на училишните совети кои дејствуваат како форум за решавање на проблемите на децата; во помагањето при изготвување на училишна политика, вклучувајќи ги кодексот на однесување и дисциплината; во советувањето за прашања за дизајн на игралиштето; локација и дизајн на тоалетите; во придонесувањето за наставната програма; во обезбедување на повратни информации и евалвација на наставната програма и наставните методи; како медијатори при решавање на конфликтите; и за учеството во училишните управни одбори.

Децата, исто така, можат да бидат вклучени во утврдувањето на индикаторите кои се користат за мониторинг во врска со тоа колку училиштата ги почитуваат правата на сите негови членови и тие можат да учествуваат во процесот на регуларната евалвација за исполнувањето на тие индикатори. Потоа, тие може да ја споделат одговорноста за развојот на стратегии за подобрување на праксата. Во сите овие стратегии, треба да се направат напори за да се обезбедат еднакви можности за учество на сите деца.

Учењето на децата за нивните права подразбира разбирање на реципрочните обврски. Додека детето има право да биде ислушано и да му се даде должно внимание на нејзиниот или неговиот став, таа или тој имаат соодветна одговорност да ги слушаат ставовите на другите лица. Ова учење може да се спроведе преку искуство за тоа како децата се третирани во училиштето и културата на взаемната почит кое тоа ја промовира.

На 11.09.2017 беше промовирана Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ)[12] со најава дека за една година ќе започне со работа националното тело и 8 регионални. Во моментов функционира националното тело и распишан е оглас за ангажирање стручни лица за регионално тело во Струмица. Неопходно е во најкус рок да се формираат сите регионални тела за да се забрза процесот на функционалната процена за да се

[12] Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ) Достапна на MK_ICF_Report_MK.pdf (unicef.org)

овозможи приемот на децата во редовните училишта, но и да се обезбеди можноста за ангажирање на образовен/личен асистент за учениците кои веќе се опфатени со воспитно-образовниот процес.

Член 60 од Законот за основно образование предвидува „При запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ“.

## Инклузивни тимови во училиштата

Согласно Концепцијата, во училиштата се формираат и работат два вида на инклузивни тимови:

***Училишен инклузивен тим***, кој го формира директорот на училиштето и е составен од седум члена и тоа: педагог, односно психолог, односно социјален работник, двајца наставници од редот на вработените во училиштето, двајца родители/старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето. Доколку училиштето нема стручен соработник од одреден профил се определува лице од центрите за поддршка на учењето на деца со попреченост или од училиштата со ресурсен центар. Училишниот инклузивен тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, ги осмислува и спроведува планираните активности и води грижа истите да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.

***Инклузивен тим за ученик***, кој го формира директорот на училиштето и е составен од: наставниците на ученикот, родителот/старателот, педагогот, односно психологот, односно социјалниот работник во училиштето и специјалниот едукатор и рехабилитатор. Доколку училиштето нема стручен соработник од одреден профил се определува лице од центрите за поддршка на учењето на деца со попреченост или од училиштата со ресурсен центар. Во овој тим, по потреба, можат да се вклучуваат и други лица кои даваат поддршка на ученикот (лекар, друг вид на стручен соработник или рехабилитатор со кој ученикот работи надвор од училиштето и слично), како и образовен или личен асистент, доколку истиот е препорачан од стручното тело за проценка и работи со ученикот. Инклузивниот тим за ученик во фокусот на својата работа го има конкретниот ученик за кого е формиран овој тим, односно тој ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на ученикот. Во таа смисла, доколку е препорачано, Училишниот тим за ученик изготвува ИОП за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби и работи со ученикот според неа.

## Училишни програми и планови

Во Развојна програма за работа на училиштето (4 години), предвидена со Концепцијата, врз основа на која секоја учебна година се изготвува Годишна програма за работа на училиштето. се содржани информации за состојбата со инклузивното образование во училиштето, како и насоки, мерки и активности како инклузивните процеси постојано да се унапредуваат. Мерките, кои потоа се разработуваат во акциони планови, главно ги опфаќаат следните сегменти:

- градење на капацитетите на училиштето и на наставниците за успешна инклузија и образование на децата од ранливите групи (обезбедување физички, организациски, професионални и процедурални предуслови за инклузивно образование);

- работа со учениците, воспитно образвниот кадар и родителите за градење и негување на инклузивна клима во училиштата;
- подигнување на професионалните компетенции на наставниците за примена на модерни начини на активна настава, педагошка проценка на учениците и индивидуализирана настава;
- градење соработка со родителите, релевантните здруженија и институции во локалната заедница  за успешно постигнување на инклузија, како и за подигање на јавната свест за значението  на инклузивното образование.

Физичко опкружување и употреба на технологија

**Пристапот до образование**, допрецизиран со Концепцијата, значи и прилагодување на физичкото опкружување, односно отстранување на бариерите кои можат да го оневозможат или отежнат функционирањето на детето во училишната средина. За таа цел училиштето,  училиштата со ресурсен центар и локалната самоуправа се грижат за:

- Отстранување на архитектонските пречки со што  се обезбедува пристапност до училишната зграда и повеќето простории за учениците, родителите и наставниците со било која форма на физичка или сензорна попреченост;
- Прилагодување на мебелот и опремата во училницата на посебните потреби на учениците;
- Адаптирање на дел од тоалетите на посебните потреби на учениците;
- Обезбедување на планови за полесна ориентација во просторот на кои ќе бидат упатени учениците;
- Набавка на асистивна технологија (наставни и други помагала) со што се отстрануваат пречките за инклузија на учениците со посебни образовни потреби.Информатичката и комуникациската технологија се важна алатка за промовирање на инклузивното образование.

Согласно препораките од Комитетот на човекови права високо образовните институции мора да бидат поподготвени за реализација на наставниот процес со младите со попреченост. На иницијатива на Филозофскиот факултет во 2019 година беше одржана средба со Националното координативно тело за инплементација на конвенцијата за правата на лицата со попреченост и делегација од УКИМ во состав Ректор на Универзитетот, Декан на Филозофскиот факултет и Раководител на Институт за специјална едукација и рехабилитација.

Националното координативно тело за инплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост како нај значајни чекори за креирање инклузивна клима и пристапни факултети посочи дека е потребно:

- Отворање на студентски сервис за поддршка на студенти со попреченост во рамки на Филозофскиот факултет, како факултет во чиј состав е Институт за специјална едукација и рехабилитација
- Набавка на асистивна технологија за сервисот
- Адаптација на тоалети
- Пристапни рампи
- Достапна електронска верзија на учебници за студентите со попреченост

- Министерството за финансии треба да ја поедностави процедурата за ангажирање на студенти во Студентскиот сервис

Од Филозофскиот факултет произлегуваат идеите за подобрување на условите за студирање на студентите со попреченост. Институтот за специјална едукација и рехабилитација постојано ги потсетува сите останати членки на Универзитетот каде треба да делуваат во креирање на универзалниот дизајн, како и едно општество за сите.

- Во октомври 2020 година беше промовирана техника и асистивни помагала наменети за студентите со попреченост. Асистивната техника е предуслов за функционирање на сервис за поддршка на младите со попреченост. Следниот чекор е поедноставување на постапката за ангажирање на студентите, за да сервисот може непречено да функционира.
- УКИМ е носител на неколку големи проекти кои треба да го подобрат квалитетот на живот на младите со попреченост.
- Заложба на УКИМ е да има достапна електронска верзија на учебници за студентите со попреченост. Активно работи на богатење на Репозиториумот на УКИМ. Во овој дел важен партнер е Филозофскиот факултет со новата МУДЛ платформа за е-учење прилагодена за студентите со попреченост. Филозофскиот факултет ги дигитализира сите научни списанија (и најстарите Зборник на скопското научно друштво од 1926, Годишен зборник на ФЗФ од 1948, Жива Антика 1951), а започна и дигитализација на сите одбранети магистерски и докторски трудови од основањето на факултетот. Ректорот минатата година поддршка и печатење на Внатрешен патник, студентско списание на Брајово писмо, на фонтот DyslexicFZF, како и во аудио формат.
- Младите со попреченост бараат пристапни факултети. Факултетите од кампусот имаат и рампи и лифтови, онаму каде што нема ќе треба да се адаптира пристапот. Незначителен е бројот на институции во државава кои имаат адаптирани тоалети. Многу скоро ќе започне постапката за адаптација на тоалети со реализација на проектот кој факултетите ќе го инплементираат со Министерство за образование и наука со средства од ИПА фондот.

За отварање на Студентскиот сервис за поддршка на студентите со попреченост при УКИМ потребно е Министерството за финансии да се поедностави процедурата за ангажирање на студенти во Студентскиот сервис. Поедноставувањето може да се реализира со промена на член 8 од Законот за трансформација во редовен работен однос, да се исклучи ограничувањето за високообразовни институции за 1 процент, односно право на само три договори на дело за фирма со 150 вработени. Законот е донесен по барање на Стопанската комора за да се спречи нелојалната конкуренција при исплата на дел од платите преку договор на дело (со давачка кон државата само со персонален данок) но во член 8 се ограничија и факултетите да бараат согласност од Министерството за финансии за секоја исплата преку договор на дело на лица кои не се во редовен работен однос во единицата, третирајќи ги само времените вработувања, заборавајќи дека преку договор на дело се исплаќаат хонорари на професори од други универзитети, факултети, стручњаци од пракса, пензионирани професори. Со овој закон се оневозможува плаќање на студенти по редовен пат.

Процедурата е долга бидејќи барањата Универзитетот ги доставува до МОН, кој ги проследува до Министерство за финансии процедура која трае до 6 месеци, а често се случува барањата да не стигнат до конечниот потпис. Предлог: со иземање на Факултетот, ќе се овозможи лесно вклучување на студенти, постдипломци и докторанти, како и дипломирани специјлани едукатори и рехабилитатори за потребите на Студентскиот сервис. Покрај во техничката поддршка при изработка на учебници на Брајово писмо, на фонтот прилагоден на лицата со дислексија DyslexicFZF, како и користење на опремата адаптирана за студентите со засегната фина моторика, овие лица би биле ангажирани на сите единици на УКИМ за да помогнат на професорите и административните работници за полесно вклучување на лицата со попреченост. На истиот начин ќе се овозможи ангажирање на толкувачи на знаковен јазик за лица со оштетен слух со што ќе се овозможи толкување на сите значајни настани на УКИМ.

## Уредби со законска сила во домен на образование за време на Ковид-19 кризата

По започнувањето на пандемијата во доменот на образованието на сите три нивоа беа донесени низа на уредби со законска сила кои се однесуваат на: регулирање на начинот на реализација и организација на наставата преку далечинско учење на сите три нивоа на образование; изведување на студиските програми и проверка на знаењата на студентите на сите три циклуси на високото образование; ученичкиот стандард за време на вонредна состојба; во однос на продолжување на роковите за примена на законот за учебници за основно и средно образование; продолжување на роковите за акредитација односно реакредитација на студиските програми; уредување на завршетокот на учебната година за учениците во средното образование; и во однос на ученичкиот стандард.

Замената на редовната настава со алтернативни начини на спроведување на образовниот процес, остави многу ученици надвор од процесот. Ова особено се однесува на децата од семејства со низок економски, социјален и образовен статус кои немаат пристап до интернет и до техничка опрема, како и на децата со попреченост, за кои ОН уште на почетокот на кризата процени дека ќе имаат најмалку корист од примената на алтернативните решенија за учење на далечина. Исклучувањето на овие деца од процесот на образование за време на пандемијата преставува сериозна закана за нивното понатамошно повторно вклучување во образованието, како и проширување на дигиталниот јаз, што на долг рок може да предизвика значајни последици на нивното учество на пазарот на труд.

Пандемијата Ковид-19 не предупреди како држава дека мора да имаме интервентен државен и локални фондови за справување со економски и здравствени кризни состојби.

Зголемување на бројот на мерки насочени кон децата и младите од маргинализираните домаќинства во рурални средини во однос на пристапноста до интернет и обезбдување на техничка поддршка и компјутерска опрема за следење на настава од дома.

Зајакнување на капацитетите на наставниот кадар за онлајн настава, како би се надминал проблемот со недоволните капацитети на родителите за пружање помош при совладување на наставните материјали во услови на учење од далечина и од дома.

Ставање во функција на локалните човечки капацитети преку обезбедување на привремени вработувања за невработениот наставен кадар за поддршка на деца за учење од дома.

# ОПШТИ ПРЕПОРАКИ КОИ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ КОН КРЕИРАЊЕ НА ПОДОБРА ИНКЛУЗИВНА КЛИМА И КУЛТУРА

✓ Препораки кои се однесуваат на институциите:

- Мотивирање на наставниот кадар за работа со ученици со посебни потреби;
- Организирање обуки и семинари за наставници со цел да ги запознаат видовите попреченост и начините за перпознавање на однесувањето кај учениците со попреченост;
- Поголема соработка помеѓу наставниците и специјалните едукатори и рехабилитатори;
- Вработување на специјален едукатор и рехабилитатор во сите предучилишни установи, основни и средни училишта;
- Да се намали бројот на ученици во одделението во кое што ќе има дете со попреченост;
- Обезбедување на соодветни дидактички материјали;
- Прилагодување на наставниот план и програма на потребите на учениците со попреченост;
- Законски промени кои би се однесувале на изградбите на новите објекти каде што би се одржувала наставата да бидат пристапни за лица со попреченост;  како и овозможување на пристап во оние објекти во кои веќе се одвива наставата, а лицата со попреченост немаат пристап;
- Соработка на училиштата со родителите за нивна поголема информираност.
    - Набавка на соодветни помагала и прилагодување на училниците и училишните згради на потребите на децата – Потребно е опремување на училниците и адаптирање на училишните згради за пристап и инклузија на децата со попреченост.
    - Креирање и усвојување на нови мерки за децата кои се соочуваат со специфични потреби или имаат потешко ниво на попреченост – посебни паралелки кои се наоѓаат во состав на редовните училишта – Поприфатливо и успешно би било комбинирање на активностите на децата со попреченост и оние со типичен развој, односно децата со попреченост да учат во посебни паралелки во состав на редовните училишта по посебна програма, додека пак за време на одморите, паузите или часовите по физичко, ликовно и музичко би можеле да се комбинираат и заеднички да се спроведуваат, со што деца со попреченост ќе имаат интеракција и комуникација со останатите деца и сегментот на инклузија ќе биде исполнет.
    - Поттикнување и зајакнување на соработката меѓу повеќе сектори и институции со училиштата – Со цел инклузивното образование да биде поуспешно, потребна е и соработка со различни здруженија на граѓани, граѓански организации, локални самоправи кои би можеле да придонесат со своја експертиза, и да работат на полето на градење на капацитети на наставниот кадар и на родителите.

✓ Препораки кои се однесуваат на родителите:

- Поголема едукација на родителите на соучениците – Едукацијата на родителите на соучениците на детето со попреченост е потребно со цел да се запознаат со потребите на лицето со попреченост, но и истото да го пренесат на своите деца, бидејќи најчесто децата во рана возраст своите однесувања и мислења ги креираат врз основа на своите родителите. Преку тоа ќе се придонесе кон промоција на диверзитетот и надминување на стереотипите кај децата.

- Вклучување на родителите на децата со попреченост во донесувањето на одлуки и консултации за однесувањето на детето – Потребно е целосно вклучување на родителите на детето со попреченост во креирањето на индивидуалните планови и следење на напредокот на детето. Исто така, потребно е консултирање со родителите за сите промени во однесувањето на детето, со цел да се работи со детето и да се поттикнува неговиот социјалниот развој и во училишните средини.

✓ Препораки кои се однесуваат на соучениците на детето со попреченост:

- Имплементирање на работилници со соучениците за различни типови на попреченост за нивна рана едукација за прифаќање на различностите и надминување на стереотипите и предрасудите – Овие работилници треба да бидат ориентирани кон запознавање на соучениците со проблемите и препреките со кои се соочува детето со попреченост кое учи со нив, на кој начин да му пристапат и да го вклучат во активностите кои ги прават, за детето да се чувствува прифатено и да ја зајакне својата самодоверба пред соучениците.

# РЕФЕРЕНЦИ


- Стратегија за образованието 2018-2025 достапна на Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf (mrk.mk)
- Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) Достапен на Zakon za osnovnoto obrazovanie - nov.pdf (mon.gov.mk)
- Концепција за инклузивно образование достапна на Koнcepcija za inkluzivno.pdf (mon.gov.mk)
- Закон за ратификација на Конвенција за правата на лицата со поп (Службен весник на РМ, бр. 172 од 14.12.2011 година) Достапно на Microsoft Word - 09E36E46C9F4684993F7C7DF193A0734.doc (vlada.mk)
- Заклучни согледувања на иницијалниот извештај на Република Северна Македонија од Комитетот за правата на лицата со попреченост на ООН Достапно на preporaki_2018_komitet_za_pravata_na_licata_so_poprecenost.pdf (vlada.mk)
- Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје МКФ. Достапна на https://www.unicef.org/northmacedonia/sites/unicef.org.northmacedonia/files/2019-01/MK_SP_CWD_ICF_MK.pdf
- Програма за обезбедување туторство на учениците од основно образование. Достапно на МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА (mon.gov.mk)
- П р а в и л н и к за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент Достапен на 2021_Pravilnik_Nachin na pobarauvanje asistenti.pdf (mon.gov.mk)
- Анализа на потребите, предизвиците и ризиците на маргинализираните групи во руралните средини погодени од корона кризата Достапно на Национална Федерација на Фармери | НФФ МК (nff.org.mk)
- Анализа на донесените уредби со законска сила за време на вонредната состојба во 2020 Достапно на analiza-na-donesenite-uredbi-so-zakonska-sila-za-vreme-na-vonrednata-sostojba-vo-2020_bluprint.pdf (mhc.org.mk)

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Образование на лицата со попреченост
-
Наташа Станојковска-Трајковска

ЕУ со ТЕБЕ

Проектот е финансиран од Европската Унија.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА